

# ПО ПОВОД 60-ГОДИШНИОТ ЈУБИЛЕЈ НА ДИМЧЕ СТОЈАНОВ — МИРЕ

Благодарно е и убаво прославувањето на јубилеите, а уште подраго е тоа прославување кога е поврзано со личност која целиот свој живот, сите свои творечки способности, несебично ги подарила за просперитетот на татковината.

Архивската служба во нашата социјалистичка татковина ја имаше токму таа среќа во своите редови да има личност полна со креативни и организаторски способности. Првите никулци на архивистиката во нашата Република која подоцна се разви во една широка, поставена на научна основа, архивска служба, тесно се поврзани со името на несебичниот пратеник Димче Стојанов — Мире.

Славејќи го во оваа 1970 година неговиот 60-годишен јубилеј, ние му оддаваме посебна благодарност за целата негова пожртвувана и благородна работа.

Димче Стојанов — Мире се научи да го цени човекот и да се бори за неговото посветло утре уште во најраните детски години. Роден е во бунтовниот Прилеп, лулка на многу првоборци и херои, на 10. X. 1910 година во сиромашно занаетчиско-земјоделско семејство. Првата животна наука ја доби работејќи од раните мугри на златно-жолтите тутунови полиња. Своите познавања ги прошируваше учејќи гимназија во Прилеп и Битола. Уште во тие ученички денови кај него се искристализираа сознанијата за неправдите на кои се темелеше бивша Југославија. Тие сознанија и желбата да се променат општествено-политичките односи го вклучија во борбените редови на работничкото движење. Како студент по историја на Филозофскиот факултет во Белград тој уште поцврсто застана на позициите на напредното пролетерско работничко движење. Тоа беа бурни денови исполнети со отворен револт и незадоволство против владата на Петар Живковиќ. Младиот студент од Прилеп задоен со слободољубивост и борбеност смело учествува во првите редови на големите демонстрации, против владата на Живковиќ на 8 ноември 1931 год. Следуваат денови исполнети со активна работа за рушење на постојните општествено-политички односи. Доаѓа прогласувањето на Октроисаниот устав. Како противодговор народот демонстрира. Димче Стојанов учествува во сите демонстрации па и на онаа големата во Васина улица. Минуваат многу непроспиени ноќи. Во аулите на Факултетот студентите живо и занесено дискутираат за патиштата на борбата. Меѓу нив е и студентот од Прилеп. Прекален на Факултетот во искусен борец по дипломирањето се враќа во Прилеп каде веднаш станува еден од идејните творци на познатата студентска група на отпорот. Секогаш е на преден план, како организатор и носител на најпрогресивните идеи поради што во 1936 година по состанокот со проф. Драгољуб Јовановиќ е затворен. Тоа не го заплашува, тој и натаму доследно останува на линијата на отпорот. Во 1937 година како единствен говорник на големиот митинг на тутунопроизводителите ги повикува да не го даваат својот тутун, својата мака на експлоататорите. По тоа следуваат прогонувања поради учество на страна на владината опозиција во парламентарните избори во 1938 година и Илинденските демонстрации во 1940 година. Како „антинароден" елемент 5 години е без служба. Работи во Монополот како обичен работник. Во деновите на НОБ се наоѓа во редовите на II и V Македонска ударна бригада. Еден е од творците и организаторите на првите органи на власта во Втората оперативна зона. По ослободувањето на Прилеп станува прв претседател на НО. Истовремено е член на АСНОМ од неговото формирање во Прохор Пчински и е именуван за референт по просвета во Президиумот на АСНОМ.

Неговиот творечки дух и вонредната витална способност доаѓаат до полн израз по ослободувањето. Во условите кога се поставуваат темелите на македонската државност, се наоѓа на одговорни

и значајни за нацијата места не жалејќи ни труд ни време, вградувајќи го сето свое битие во изградбата на подобрата и посреќна иднина на нашиот народ. Доволно ќе биде да наброиме само некои од многуте важни и одговорни функции што ги вршел за да можеме наполно да се осведочиме во широките творечки можности на Димче Стојанов — Мире.

На II Заседание на АСНОМ избран е во Президиумот на АСНОМ и станува повереник за просвета. На 16 април 1945 година кога е формирана првата Влада на Федерална Македонија поставен е за шеф на кабинетот на Претседателот на Владата. Потоа е именуван за потпретседател на Планската комисија. Мошне плоден и значаен за развитокот на културата и образованието во нашата Република е периодот кога тој ја вршеше функцијата министер за просвета на НРМ. Поради неговите големи заслуги оддадено му е посебно признание со изборот за Претседател на Народното собрание на Македонија. Во општествено-политичкиот живот учествува континуирано сè до денес заземајќи важни општествено-политички функции. Член е на Главниот одбор на Народниот фронт на Македонија, а подоцна ССРНМ од 1945 до 1966 година, член на повеќе сојузни совети и комисии, потпретседател на Сојузот на друштвата на архивските работници на Југославија, претседател и потпретседател на Матицата на иселениците од нејзиното формирање до денес и многу други, оставајќи длабоки траги со својата несебична и самопрегорна работа.

Својот 60-годишен јубилеј Димче Стојанов — Мире го прославува како директор на Архивот на Македонија. Сметаме дека со право може да биде задоволен од она што тој го стори за развитокот на архивската служба во нашата Република. Благодарение на неговите организациони способности и неговото несебично залагање, архивската служба го доби своето право и вистинско значење. Димче Стојанов — Мире е основач на Архивот на Македонија и регионалните историски архиви во Републиката. Поради своите големи заслуги на тоа поле избран е за почесен доживотен претседател на Друштвото на архивските работници на Македонија.

И покрај своите редовни задолженија и општествено-политичката дејност, значајна е и неговата работа на пишување трудови од областа на подалечното и најновото историско минато на македонскиот народ и на стручни трудови по архивистика.

За својата неуморна и плодна работа Димче Стојанов — Мире е одликуван со: Орден заслуги за народ III ред, Орден „Братство единство" II ред, Орден на Републиката со сребрен венец и Орден на трудот со црвена застава.

*Тодор* ***ТАЛЕСКИ***